Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 535 www.mchamber.mk 23.6.2023

# СТОПАНСКАТА КОМОРА НА ПРВИОТ САМИТ ЗА ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН







## ИДНА ГЕНЕРАЦИЈА НА АЛАТКИ И ПРОГРАМИ ЗА КОМОРИТЕ, МСП-А И ПРЕТПРИЕМАЧИ

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

Алкалоид Скопје, EVN, vitaminka, T, IGM trade, Gulf, МЕПСО, NLB Banka, Пекабеско, Кожувчанка, nextsense

## СТАНДАРД Покровители

MAKPROGRES, OKTA, ZAN MITREV CLINIC, Croatia Osiguranje, SPARKASSE, Стопанска банка АД - Скопје, Duna, Comodita Home, A1

## СИЛВЕР Покровители

SOCOTAB, Swisslion, COLENCO, Vezeshari, AllianceOne





Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## 20-ТИ ЈУНИ ДЕН НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТНИЦИ : Фокусирани на развој и подобри услови на работа за подобар животен стандард за градежните работници




Во чест на 20-ти јуни, Денот на градежните работници, г-дин Андреа Серафимовски, претседател на Здружението за градежништво, индустрија на градежните материјали и неметалите при Стопанската комора на Северна Македонија во интервју за утринската програма на тв Сител ги споделува своите видувања, цели и иницијативи како и потребата за обезбедување на квалификувана работна сила и спречување на одливот на градежни работници од земјата.

Во интерес на Здружението за градежништво, и целата градежна фела е да се застане на патот на сивата економија и борбата против неа да ги задржат градежните работници во државата, осигурувајќи подобар животен стандард за нив. Г-дин Серафимовски нагласува за почитување на законската регулатива и работните саати на градежните работници, како елемент за нивна заштита при работа.

Во интервјуто, тој истакна за една од иницијативите на здружението која претставува дополна во законската регулатива, каде секоја компанија која учествува на Јавна набавка има обврска да биде член на синдикална организација. Оваа иницијатива има за цел да обезбеди основни услови на работа и почитување на работничките права. Г-дин Серафимовски јасно истакнува дека за нив „нема добра компанија без продуктивен работник и нема задоволен работник без профитабилна компанија„.

## СТОПАНСКА КОМОРА И КЛУБОТ НА ИЗВОЗНИЦИ СО ПРОАКТИВЕН ПРИСТАП ПРЕКУ КОНКРЕТНИ ПРОГРАМИ РАБОТИ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ИЗВОЗНИТЕ КОМПАНИИ




Македонскиот извозен сектор се соочува со многу системски и структурни слабости како што е висока извозна концентрација и неповолна извозна структура. Поради тоа домашна додадена вредност на извозот е мала што го ограничува потенцијалот на извозниот сектор да испорача повисоки стапки на економски раст. Од друга страна, македонските извозни компании се соочуваат со многу предизвици во нивната борба со своите конкурент на меѓународните пазари, а националната економија има многу мала поврзаност со извозот на странските компании во земјата. Оваа слика мора да се промени и Стопанската Комора преку проактивен пристап работи на тој план со конкретни иницијативи и форми на делување, изјави Лазаров како претседател на Клубот на извозници при Комората во интервју за Блумбер Адриа.

Активностите на Клубот на извозници во насока на поддршка на извозно ориентираните компании, Националниот совет за извоз како механизам на јавно-приватен дијалог преку кој ќе бидат иницирани конкретни предлог политики, мерки и решенија во насока на поддршка на извозниот сектор, како и активностите што Комората ги имплементира преку проекот во соработка со УСАИД во насока на поголема промоција на македонските извозни компании и производи се дел од сетот на конкретни форми на делување во насока на поддршка на извозниот сектор и менување на неповолната слика за која говориме.

Тој особено потенцираше дека Владата треба да има многу поактивна улога ставајќи го извозот како врвен национален приоритет во идните економски политики бидејќи само на тој начин можеме да очекуваме посериозен економски исчекор и прогрес на македонскста економија во иднина. Ние имаме конкретни програми и предлог мерки базирани на наши анализи и користење на успешни меѓународни искуства на други земји, останува само Владата посериозно да се вклучи во тој процес преку гардење на системски пристап на заедничка соработка со нас.

Ние како земја во процесот на ЕУ интеграции мораме активно да работиме на подигање на капацитетите на приватниот секторот за интернационализација на нивните бизниси и капацитетите за успешна борба со конкурентите на ЕУ пазарите затоа што само така можеме да очекуваме подобри ефекти од ЕУ интеграцијата за нашата земја, изјави Лазаров.



## ИДНА ГЕНЕРАЦИЈА НА АЛАТКИ И ПРОГРАМИ ЗА КОМОРИТЕ, МСП-А И ПРЕТПРИЕМАЧИ



Во организација на Меѓународниот центар за трговија, Светската трговска организација, Центарот за претприемништво на меѓународната стопанска комора и Светската организација за заштита на интелектуална сопственост, на 20 јуни 2023 година во Женева, Швајцарија се одржа конференција на тема: "Идна генерација на алатки и програми наменети за комориte, МСП-а и претприемачи".

Воведно обраќање на конференцијата покрај претседателката на Меѓународната стопанска комора, Мариа Фернанда Гарза, имаа и заменик претседателот на Светската коморска федерација, Тод Летс и амбасадорот на постојаната мисија во Организацијата на обединетите нации и други меѓународни организации во Женева, Матру Вилсон.

Во рамки на конференцијата беа презентирани најновите дигитални алатки и програми за поддршка на компаниите на глобално ниво, особено алатки и програми за извозно ориентирани компании. На настанот присуствуваа претставници од повеќе стопански комори ширум светот, бизнис организации и други институции и претставници на бизнис секторот.

# СТОПАНСКАТА КОМОРА НА ПРВИОТ САМИТ ЗА ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН




„За да можат економиите во регионот да се трансформираат во зелени, одржливи и циркуларни, важно е политиките на Западен Балкан взаемно да ги усогласат активностите во своите економии, за регионот заеднички да може да пристапи до европскиот пазар“, беше порачано на првиот организиран Самит за циркуларната економија на земјите од Западен Балкан одржан во Белград, Р. Србија.

Самитот организиран од страна на Коморскиот инвестициски форум на ЗБ6 и Стопанската комора на Србија, а поддржан од проектот за Коморско партнерство Западен Балкан (KVP WB6), послужи како платформа за претставниците од сите шест комори и бизнис заедницата од регионот, да се вклучат во продуктивни дискусии.

На панелот на тема „Резултатите од тригодишната имплементација на Зелената агенда во регионот“ којшто го водеше д-р Татјана Штерјова-Душковска, генерален секретар на Коморскиот инвестициски форум на ЗБ6 како модератор, а панелист и претставник од Стопанската комора на Северна Македонија беше Кристина Кузеска, експерт за енергетика во организационата целина за претставување на членките и вмрежување.



На панелот беше потенцирано дека Република С. Македонија е една од првите земји во регионот која донесе Национален план за енергетија и клима кој во себе содржи структурни планови за затворање на сите термоцентрали на јаглен, но сепак, поради енергетската криза, во текот на 2022 година производството на енергија од термоцентралите се зголеми. Од друга страна, додека во 2020 година учеството на обновливи извори на енергија во вкупната инсталирана моќност изнесуваше 37.1%, истото во 2022 година изнесува 42%. Во бројот на новоизградени електрани во 2022 година доминираат фотоволтаичните централи кои во споредба со 2020 година кога нивното учество беше 1.41%, во 2022 година изнесува дури 15%.

Стопанската комора на Северна Македонија активно учествува во подобрување на легислативата и бизнис климата за зголемување на инвестициите во обновливи извори на енергија со главна порака за дисперзија во инвестирањето на обновливи извори на енергија и следење на Стратегијата за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040 година. Во зеленото сценарио од оваа Стратегија, обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност се меѓу најважните фактори кои ја овозможуваат транзицијата кон нискојаглеродна економија.



СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**


м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




Семинар
23.06.2023

# РАЗВОЈ И ПРИМЕНА НА ЕМОЦИОНАЛНА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

Оваа обука јасно го дефинира концептот на емоционална интелигенција, објаснува колку е клучна за приватниот и професионалниот развој и дава практични решенија и алатки како учесниците да ги применат знаењата во секојдневниот живот а со тоа да ја подобрат својата лична самодоверба како и професионалниот успех.

Емоционална интелигенција претставува збир од способности и вештини кои определуваат колку успешно ќе управуваме со личниот живот и нашата способност да ги разбереме луѓето околу нас, како да комуницираме и соработуваме успешно со нив.

Во денешната комплексна и променлива средина, техничката експертиза или специјалистичко знаење за извршување на работните задачи не е повеќе доволно за успех. Секојневно сме соочени со нови и зголемени барања на работните места, повеќе притисок и стрес и потреба од поголема комуникација со другите за што е потребно да бидеме проактивни, отворени во пристап и соработка со другите, да знаеме како да управуваме со нашата продуктивност, меѓусебните односи и луѓето со кои сме опкружени.

Здобиените способности и вештини кои произлегуваат од емоционалната интелигенција на учесниците ќе им овозможат полесно справување и проактивност во управување со промените во приватниот и професионалниот живот и ќе им даде можност за развој на перспектива и самодоверба за управување со личните и емоции како и очекувањата и емоциите на луѓето со кои се опкружени.

За кого е наменета

- Менаџери на сите нивоа во организација, вработени кои имаат аспирации за раководна позиција, вработени кои согласно систем за управување со таленти се идентификувани за идни раководни позиции;
- Вработени и индивидуалци кои сакаат да ги подобрат своите можности за развој на кариера и продуктивно управување со личниот живот преку развој на емоционална интелигенција;
- Сите индивидуи кои сакаат да ги развијат своите лидерски вештини.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
27.06.2023

# EXCEL SALES' DATA ANALYSIS-ДАТА АНАЛИЗА НА ПРОДАЖБА

Ексел алатките спаѓаат во најважните алатки во деловното планирање, микроекономската анализа и носењето на одлуки за подобрување на перформансите на продажбата на компаниите.

На онлајн семинарот ќе се обработуваат 10 начини за анализа на податоците за продажба на компанијата со користење на Ексел. На тренингот ќе се користат и 7 различни техники за анализа!

Анализата ќе се прави со дескриптивна статистика, потоа со користење на Екселот ќе следува објаснувачка анализа на податоци (Exploratory Data Analysis- EDA), како и користење на специфични Ексел формули за анализа на продажбата.

За анализа ќе се користат и пивот табели за анализа на продажбата, потоа ќе се прави комбинирање на податоците од различни бази и примена на Power Pivot алатките. Ова ќе овозможи создавање на консолидирани извештаи.

На онлајн-семинарот ќе се прикаже и техниката на одговарање на Open-ended questions неопходни за донесување на менаџерски одлуки поврзани со продажбата.

Анализата ќе опфати анализа на аномалии во продажбата, откривање на екстремни вредности и сл.

На крај ќе се обработат начини за презентирање на анализите, преку табели, графикони и примена на правила (conditional formatting).

Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме Ексел алатките за носење на деловни одлуки.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар 27.06.2023**

# УПРАВУВАЊЕ СО НАБАВКИТЕ И ВЕШТИНИ ЗА ПРЕГОВАРАЊЕ




Целта на семинарот е запознавање на учесниците на семинарот со управувањето со процесот на набавка, учесниците во набавките - купувачите, добавувачите, интерната комуникација во организацијата - набавка - нарачател, комуникација со добавувачите, приоритети кај набавките, WIN-WIN стратегија, стратешко поврзување со добавувачите, оценување на добавувачите - критериуми за оценување.

За сите вработени кои се вклучени во управување со процесот на набавка - раководители на набавки, менаџери на набавки и останатите кои се занимаваат со логистичка работа во организацијата (набавки, магацинско работење, транспорт).

Предавач е Игор Ќика, дипломиран инженер по менаџмент и консултант за менаџерски системи, директор на PDCA KONSALTING, ДОО Нови Сад, водечки стручен консултант за проектирање и имплементација на ISO 9001:2015; ISO 14001:2015; ISO/IEC 27001:2013; ISO 20000-1:2018; ISO 22301:2012; ISO 31000:2018; ISO 37001:2016, GDPR во повеќе организации во Србија, Црна Гора и БИХ, воедно и менаџер за проценка на ризик во работењето на основа на ISO 31000. Поседува 15 годишно искуство како директор на логистика во различни организации (Застава промет Сомбор – автомобилска индустрија), Генел – бренд Хаусел и застапник на Elektrolux, Zannusi, Indesit уреди за Србија, STAV – овластен дистрибутер Samsung за Србија и Црна Гора.

Работен јазик: српски.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 30.06.2023**

# ГАРАНЦИИ ЗА ПОТЕКЛО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И МОЖНОСТИТЕ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Инвестирање во обновливи извори на енергија се од ден на ден е се повеќе примамливо за инвеститорите. Можностите за инвестирање се доста јасни, но постапките и чекорите до крајното решение може да бидат збунувачки. Поради тоа ова потребно е да се разгледаат задолжителните чекори и постапки за интегрирање на обновливи извори на енергија. Во текот на годините, од страна на креаторите на правата и законските рамки, согледани се одредени потешкотии кои го отежнуваат процесот на изградба на електрана за производство на електрична енергија. Од тие причини се направени измени во одредени законски и подзаконски акти. Често мотивацијата за инвестирање во обновливите извори на енергија може да биде поттикната од различни мерки за поддршка. Гаранциите за потекло на енергијата од обновливи извори се можност за еден вид на поддршка која е во развој во нашата земја. На почетокот учесниците ќе бидат запознаени со видовите на електрани од обновливи извори во кои може да се инвестира, правната и законска рамка која е на сила при преземање на чекорите до изградба на една електрана за производство на електрична енергија од обновливи извори за енергија. Во текот на годините, од страна на креаторите на правата и законските рамки, согледани се одредени потешкотии кои го отежнуваат процесот на изградба на електрана за производство на електрична енергија. Од тие причини се направени измени во одредени законски и подзаконски акти. Предавањето ги разгледува можните мерки за поддршка за електрани кои користат енергија од обновливи извори на енергија. Краток осврт на применетите мерки за поддршка и правото за стекнување.

Предавачи:

- Катерина Билбилоска е магистер по електротехника и информациски технологии во областа на енеретските системи.

- Магдалена Даскалова е дипломиран економист. Има повеќе годишно работно искуство во Министерството за економија.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088